Образец бр. 2

Иницијална проценка на влијание на регулативата

Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

1. Опис на проблемите

Донесувањето на нов закон за поштенските услуги произлегуваат од потребата за транспонирање на новата Директива 2008/06 со која се менува Директивата 97/67/ЕЗ на Европскиот Парламент и Советот. Исто така, со новиот закон се врши и до прецизирање на одредени одредби од постојниот закон врз база на утврдени проблеми воочени при нивната имплементација.

2. Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите

Со новиот закон за поштенски услуги ќе се изврши усогласување на домашното законодавство со директивите на европското законодавство во делот на поштенските услуги, ќе се овозможат услови за развој на конкуренција на пазарот на поштенските услуги и ќе се продолжи со постепена и контролирана либерализација на поштенскиот пазар со обезбедување на услови за вршење на универзалната услуга, ќе се овозможи влез на нови даватели на поштенски услуги, ќе се подобри регулацијата во делот на поштенските услуги, ќе се предвидат одредби за заштита на корисниците на поштенските услуги и ќе се обезбеди поголема транспарентност во работата на Агенцијата за пошти.

3. Идентификација на можни решенија (опции)

Со донесувањето на новиот закон за поштенските услуги ќе се придонесе кон унапредување на постојната состојба и развој на поштенските услуги во Република Македонија, утврдување нов опфат на услугите во рамки на универзалната услуга кои директно погодуваат на развој на конкуренцијата, стеснување на обемот на услугите во рамките на резервираната услуга, воведување на нови поштенски услуги и нови технологии на обезбедување на поштенските услуги, развој на нови мрежи за обезбедување на услугите и развој на постојната поштенска мрежа, а со тоа и создавање услови за обезбедување подобар квалитет при обезбедувањето на услугите.
Од друга страна, доколку се одложи донесувањето на новиот закон нема да може да се спроведат планираните активности, а самото тоа ќе значи и оневозможување на адекватната заштита на интересите на корисниците, немање услови за понатамошен равој на конкуренцијата во областа на поштенските услуги, немање услови за давање на универзална услуга по прифатливи цени и квалитет, застој во развојот и во поттикнувањето на нови инвестиции во поштенските услуги со воведување на нови технологии и услуги.

Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија

1. Трошоци

Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.

Со новиот закон за поштенските услуги правните или физичките лица потребно е да обезбедат формалности од типот на барања, изјави и други докази за дејноста само во делот кој е поврзан со усогласување со новиот закон.

Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државнат управа? Ако да, образложи ги трошоците.

Со новиот закон кој се предлага нема да се предизвикаат никакви иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа.

Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.

Новиот закон за поштенските услуги предвидува:

Давателот на универзалната услуга е должен да воведе посебно сметководство за сите деловни активности, поточно посебно за услугите во рамките на универзалната услуга и посебно за услугите надвор од универзалната услуга. Воведувањето на овој систем на посебното сметководство претставува дополнителен трошок за Давателот на универзалната услуга.

Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците

Одредбите од новиот закон кои се предлагаат, на Давателот на универзалната услуга може да предизвика дополнителни оперативни трошоци:

Системот на посебното сметководство ќе предизвика оперативни трошоци за Давателот на универзалната услуга од аспект на потребите за одржување на системот.

2. Придобивки

Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни

Согласно Предлог законот за поштенските услуги засегнати страни кои ќе имаат финансиска придобивка од законот се:

За Република Македонија:

- развој на целокупната економија,
- либерализација на пазарот и развој на конкуренцијата и др.

За давателите на поштенските услуги:

- можност за намалување на нелојална конкуренција
- нови технологии и услуги,
- намалување на вкупните трошоци во работењето,

За граѓаните на Република Македонија:
- добивање нови поштенски услуги,
- добивање на услуги по пониски цени
- обезбедување на услуги по пат на други поштенски мрежи,
- нови работни места и др.

Други не финансиски придобивки за засегнати страни.

За Република Македонија:

- намалување на невработеноста,
- развој и воведување на нови поштенски услуги и нови технологии на обезбедување на услугите,
- развој на јавната поштенска мрежа,
- добивање подобар квалитет при обезбедување на услугите

За даватели на поштенски услуги:

- заштита од доминантната положба на пазарот што ја има давателот на универзална услуга,
- можност за развивање и јакнење на својата позиција на пазарот,
- заштита на давателите преку транспарентни и недискриминаторски регулаторни механизми предвидени со законот,

За граѓаните на Република Македонија:

- квалитет, сигурност,
- користењето и услугите кои ги нудат новите технологии ќе придонесат за побрз начин на комуникација и здобивање со информации,
- заштита на нивните права како корисници и др.

3. Ризици и претпоставки.

4. Останати влијанија

| Тип на влијание проценето во проценки на влијание на регулативата | | Анализи приложени во прилог |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквости | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животна средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/ значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачките и конкурентностите | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

Чекор 3: Консултации

Резиме на иницијалната
проценка на влијание на регулативата

1. Краток осврт на преферираното решение/опција?

Новиот закон за поштенските услуги кој се предлага е резултат на потребата од транспонирање на новата Директива 2008/6/ЕС на Европскиот парламанет и Советот со која се со која се вршат измени и дополнувања на Директивата од 15 декември 1997 година која се однесува на заедничките правила за развој на внатрешниот пазар на поштенските услуги на Заедницата и подобрување на квалитетот на поштенските услуги, како и заради допрецизирање на правната положба и надлежностите на Агенцијата за пошти, финансирање на Агенцијата, предвидување на одредби за начинот на назначување на давател на универзална услуга, усогласување на прекршочните одредби и предвидување на одредени одредби со кои се врши подобрување на имплементацијата и спроведување на законот.

Со новиот закон за поштенски услуги ќе се овозможат услови за развој на конкуренција на пазарот на поштенските услуги и ќе се продолжи со постепена и контролирана либерализација на поштенскиот пазар со обезбедување на услови за вршење на универзалната услуга, во чии рамки е предвидена и резервиранаата услуга, ќе се овозможи влез на нови даватели на поштенски услуги, ќе се предвидат одредби за заштита на корисниците на поштенските услуги и ќе се обезбеди поголема транспарентност во работата на Агенцијата за пошти.

2. Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:

3. Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:

Изјава од министерот
за иницијалната проценка на влијание на регулативата

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулатива /предлог закон.

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија |
| 2 | Има влијание | врз усогласеност со законодавство на Европска Унија |
| 3 | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација/врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странските од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државната помош |
| 5 | Нема влијание | врз животната средина |
| 6. | Нема влијание | Врз социјалната положба на граѓаните |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни<br><br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | НЕ |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид | ДА |
| 9. | Предлог законот е лекториран | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации | ДА |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | ДА |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото „молчењето значи одобрување“. | НЕ |

Изјава од министерот

Јас, Миле Јанакиески изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот: Датум: 07.09.2010

_________________________